Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
DEPARTAMENTI PËR PLANIFIKIM HAPËSINOR

Арх.бр. УП1-15 1167/2022

Дата 21-06-2022

Врз основа на член 88 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/04) и член 42, став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ
## за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Општина Битола, се издаваат **Услови за планирање на просторот за изградба на фотоволтаична електрана ( за поставување на фотонапонски панели на земја) на КП 731/2 и КП 732/1, КО Трн Општина Битола.**

Вкупната површина на планскиот опфат изнесува 1,01 ha. Предвидената на моќност на фотоволтаичната електрана ќе биде до 1MW.

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех.бр. Y17722** се составен дел на Решението.

3. Реализацијата за изградба на фотоволтаична електрана ( за поставување на фотонапонски панели на земја) на КП 731/2 и КП 732/1, КО Трн Општина Битола би требало да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уредност на максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животна средина.


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

4. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изградба на фотоволтаична електрана ( за поставување на фотонапонски панели на земја) на КП 731/2 и КП 732/1, КО Трн Општина Битола, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животна средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.

5. При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за предметната документација за изградба на фотоволтаична електрана ( за поставување на фотонапонски панели на земја) на КП 731/2 и КП 732/1, КО Трн Општина Битола, задолжително да се земат во предвид претходнонаведените забелешки, како и забелешките од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Општина Битола, врз основа на член 42 став 4 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РСМ" бр. 32/20), поднесе барање преку е-урбанизам, со број на постапка УП 42351 до Агенцијата за планирање на просторот, преку електронскиот систем е-урбанизам, достави барање за издавање на Услови за планирање на просторот за изградба на фотоволтаична електрана ( за поставување на фотонапонски панели на земја) на КП 731/2 и КП 732/1, КО Трн Општина Битола. Вкупната површина на планскиот опфат изнесува 1,01 ha. Предвидената на моќност на фотоволтаичната електрана ќе биде до 1MW.

Согласно член 42 став 8 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РСМ" бр. бр. 32/20), Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Услови за планирање на просторот за изградба на фотоволтаична електрана ( за поставување на фотонапонски панели на земја) на КП 731/2 и КП 732/1, КО Трн Општина Битола ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 1167/2022 од 17.06.2022 година.

Услови за планирање на просторот за изградба на фотоволтаична електрана ( за поставување на фотонапонски панели на земја) на КП 731/2 и КП 732/1, КО Трн Општина Битола претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk